Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 72, 10 декември 2011 година

декември 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научните области електронски компоненти и интегрирана електроника на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународни економски односи и меѓународна економија на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис за учебник „Методика на наставата по книжевност-литературното дело и рецепиентот” од проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Е-бизнис“ (учебник) од авторот проф. д-р Ристе Темјановски од Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Трансфузиски трансмисивни заболувања” од авторите д-р Никола Камчев и д-р Милка Камчева од Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на програмирање“ од авторот д-р Владо Гичев од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Трговско право“ од м-р Борка Тушевска, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 38



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2602-224/7 од 3.10.2011 година, донесена на 61. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 3.10.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање ***помлад асистент*** за научната област ***бизнис менаџмент*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 24 септември 2011 год. и во предвидениот рок се пријавија пет кандидати:

1. м-р Кристина Ковачевиќ, со завршени магистерски студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
2. м-р Василка Габер, со завршени магистерски студии на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
3. м-р Катерина Кареска, со завршени магистерски студии на Економски факултет - Припел при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола;
4. м-р Николчо Митев, со завршени магистерски студии на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
5. Петранка Чалков, дипломиран економист на Европски универзитет – Скопје, просек 8.77 постдипломец на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија;
6. м-р Верица Бабамова, магистер по бизнис администрација и туризам менаџмент на англиски јазик, Универзитетски институт Курт Бош, Сион, Швајцарија, групација Њујорк колеџ во Солун, Грција.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. М-р Кристина Ковачевиќ, со завршени магистерски студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, магистер по економски науки од научната област МБА – менаџмент, просек 10, ги исполнува условите по објавениот Конкурс.
2. М-р Василка Габер, со завршени магистерски студии на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, магистер по економски науки од областа на монетарна економија со просек 9.67, ги исполнува условите по објавениот Конкурс.
3. М-р Катерина Кареска, со завршени магистерски студии на Економски факултет - Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, магистер по бизнис администрација МБА – менаџмент, со просек 8.80, ги исполнува условите по објавениот Конкурс.
4. М-р Николчо Митев, со завршени магистерски студии на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје; магистер по економски науки од областа на МБА – менаџмент, со просек 8.22, ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

5. Петранка Чалков, постдипломец на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, дипломиран економист за прв циклус студии во насока Банкарски менаџмент, со просек 8.77, не ги исполнува условите по објавениот Конкурс.
6. м-р Верица Бабамова, со завршени магистерски студии на Универзитетскиот институт Курт Бош, Сион, Швајцарија, групација Њујорк колеџ во Солун, Грција; магистер по бизнис администрација и туризам менаџмент со просек 8,88, ги исполнува условите по објавениот Конкурс.

Кандидатите м-р Кристина Ковачевиќ, м-р Василка Габер, м-р Катерина Кареска, м-р Николчо Митев и м-р Верица Бабамова ги исполнуваат условите од распишаниот Конкурс. Кандидатката Петранка Чалков не ги исполнува условите бидејќи нема стекнато академско ниво магистер. При изборот, Комисијата се раководеше од постигнатиот просечен успех на магистерски студии. Притоа, од сите кандидати, кандидатката Кристина Ковачевиќ има највисок просечен успех.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Кристина Ковачевиќ** е родена на 11 ноември 1986 година во Штип. Основното и средното училиште го завршува во Штип. Високо образование завршува во 2009 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје„ Економски факултет, департман за Е-бизнис, со просек 9.29, и се стекнува со **диплома со стручен назив дипломиран економист**.

На 8 јуни 2011 година на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип успешно ги завршува магистерските студии, со просек 10, и со одбрана на магистерската теза на тема „*Преферирањето на етичките норми и респектабилноста кон општествената одговорност на претпријатијата и бизнисот како фактори за нивен долгорочен опстанок и развој*“, се стекнува со звање **магистер по економски науки од областа на МБА – менаџмент.**

Од приложената документација се гледа дека одлично го владее англискиот, а има основни познавања на германскиот и шпанскиот јазик. Исто така, има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми како Windows и Microsoft Office (Word, Excel, Power Point, Access), Macromedia, Интернет и други.

***Работно искуство***

Кандидатката од 2007 до 2011 година работела на следниве места: Комерцијална банка - филијала Штип, потоа на Економски факултет – Штип, и Факултет за туризам и бизнис логистика – Штип, прво волонтер, а потоа и демонстратор. Кандидатката покажала одлични знаења, вештини и способности на комуникација, организирање и реализирање на оперативните задачи од областа на финансиите маркетингот и менаџментот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Кристина Ковачевиќ ги исполнува сите законски критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да ја предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере **м-р Кристина Ковачевиќ за помлад асистент во научната област – бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нако Ташков, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Билјана Петревска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Никола Димитров, доцент, член, с.р.**